Славка ФИДАНОВА

# УЛОГАТА НА СУБЈЕКТИВНИОТ ФАКТОР ВО СКОПЈЕ ВО МАРТОВСКИТЕ НАСТАНИ ВО 1941 ГОДИНА

Да се зборува за мартовските настани, демонстрациите одржани на 26 и 27 март 1941 година — кога широките народни маси: работничката класа, напредната студентска и средношколска младина, напредната интелегенција и другите работни слоеви го дигнаа својот глас против потпишаниот договор за пристапување на Југославија кон Тројниот пакт и бараа формирање на народна влада што ќе даде национална и социјална слобода и ќе ја подготви одбраната на земјата со потпирање на СССР — не може, а да не се истакне улогата на субјективниот фактор, т.е. КПЈ за Скопје и околијата, којашто придонесе демонстрациите да добијат масовен карактер, а едновремено и свој печат.

Иако за подолго време, по 1937 година, партиската организација во Скопје и околијата немаше редовен партиски живот, таа беше една меѓу првите којашто, во времето на обновата и консолидацијата на Партијата во Македонија, по доаѓањето на другарот Тито застана на чело на Партијата, ја обнови својата работа и успеа за релативно кусо време да навлезе во сите пори на општествениот живот. Таквиот брз успех на Партијата во Скопје се должеше на веќе создадените поволни услови во револуционерното работничко и антифашистичко движење во градот и околијата. На тогашниот Филозофски факултет во Скопје веќе неколку години наназад постоеше напредното студентско движење, кое на иницијатива на комунистите — студенти се јави како носител и организатор на бројните револуционерни акции против универзитетските власти и тогашниот профашистички режим против неговата профашистичка ориентација во надворешната и внатрешната политика, проследена со силно национално угнетување и социјално исцрпување, за одбрана на автономијата на универзитетот, за демократизација на земјата, за одбрана на нејзината независност, против војната, за мир, леб и слобода, за народна влада што ќе даде демократска и национална слобода и слично.

Подемот на револуционерниот бран сè повеќе се чувствуваше и сред средношколската младина, во гимназиите, учителската школа, во медресата, трговската академија и во други институции. Слично раздвижување се чувствуваше и во редовите на работничката класа која, под раководството на комунистите — работници, водеше штрајкачки и тарифни акции, спротивно на социјал-демократското раководство од Урсовите синдикати кое беше против водење на секаков вид акции од страна на работничката класа. Бележит успех е постигнат и во напредното женско движење, како и на селото. Во народно-фронтовското движење беше вклучен голем дел на напредната македонска-интелигенција, а исто така и од другите народи и народности што живееја и работеја во Скопје. На иницијатива на партиските активности во јануари 1939 година во Скопје почна да излегува и весникот „Наша реч", кој беше главен толкувач на линијата на КПЈ.

Полициските и воените власти, кои со голема загриженост ги следеа настаните, редовно известуваа за големата опасност — комунизмот, која се шири во некои градови во Македонија, вклучувајќи го и Скопје, а како главни виновници сметајќи ги професорите на универзитетот, професорите во средните училишта и учителите, па поради тоа преземаа ред мерки за да го сопрат „големото зло" за себе.

Но, без оглед на тоа, Партијата во Скопје со помош на ЦК на КПЈ во почетокот од 1940 година почнува да се регенерира и да ги консолидира своите редови така што револуционерно-демократското и народнофронтовското движење добива поорганизиран тек. Во март-април 1940 година е формиран МК на КПЈ и МК на СКОЈ за Скопје, а подоцна и Местен одбор за Народна помош. При МК на Партијата, како нејзини помошни органи, формирани се две комисии: Комисија за работа на село и Комисија за работа меѓу жените, додека со секторот за работа во војската раководел самиот секретар на Комитетот. Со непосредна помош на инструкторот на ЦК на КПЈ Светозар Вукмановиќ — Темпо, на членот на ПК Орце Николов и на други, постојната партиска јатка врши брз пробив во сите општествени средини, пред сè сред работничката класа.

Во развивањето на својата политичко-пропагандна активност Партијата во Скопје се служеше со најразлични форми и средства: со задружните организации „Женска набавно-продајна задруга", задругата „Селска самопомош", културно-уметничкото друштво „Абрашевиќ", студентското друштво „Нов покрет" спортските друштва „Спартак" и „Јард'м" за масовна работа меѓу албанското и турското население, како и со многубројните литерарни друштва во средните училишта. Сепак главното тежиште на нејзината работа беа Урсовите синдикати во кои Партијата во борбата против социјал-демократско-

то раководство успеа да обезбеди свое влијание, односно да го освои месниот меѓуструков одбор.

Целиот овој процес е проследен со бројни акции: одржување собири во форма на излети, испишување пароли, масовно растурање на прогласи и летоци, меѓу кои, сепак, најзначајно место заземаат штрајкачките и тарифните акции на работничката класа, при кои доаѓаше и до жестоки судири со полицијата. Импозантната бројка од 17 штрајкачки и тарифни акции, одржани во времето од 1940—1941 година, а некои од нив траеја и по 40 дена, беше потврда за подемот на класната свест на работничката класа, за нејзината борбеност и истрајност, што на работничката класа ѝ обезбеди да се здобие со углед и авторитет сред широките работни слоеви од градот и селото. Во текот на штрајкачкото движење дошло до полна солидарност на широките народни слоеви, пред сè на студентската и средношколската младина со штрајкачите — работници, така шта штрајкачкото движење стана составен дел на општонародното движење. Од овие одделни и најпрекалени борци се пополнувале редовите на Партијата. На тој начин Партијата во Скопје во годините спроти априлската војна стануваше сè побројна и помасовна, вистинска авангарда на работничката класа, способна да ги брани интересите на работничката класа и на целиот мкедонски народ и на другите народи и народности.

Организационото зацврстување и развивање на партиската организација во Скопје временски се совпаѓа со околности на прилично сложена меѓународна и внатрешно-политичката положба на Југославија. Всушност, тоа е период кога застрашува опасноста Југославија да ја изгуби својата независност како поради притисокот од страна на нацистичка Германија за нејзиното пристапување кон Тројниот пакт, така и поради спремноста на профашистичката влада на Цветковиќ — Мачек да капитулира пред Хитлера и едновремено да воведе профашистички методи на управување во земјата.

Ваквата прилично тешка меѓународна положба на Југославија уште повеќе ја сложнуваа и лошите внатрешно-политички односи поради сè позаострените национални спротивности меѓу хрватската и српската буржоазија кои не стивнаа ни по договорот Цветковиќ-Мачек, што се манифестираа во претензиите на хрватската буржоазија своето владеење да го прошири на Босна и Војводина, а српската буржоазија, спротивставувајќи се на тие тенденции и под паролата „Срби на окуп", се изјасни за собирање на сите српски земји во една посебна српска бановина, сметајќи ги за такви дури и Црна Гори и Македонија.

Последиците од вака лошо водената надворешна и внатрешна политика се одразија и во Македонија, односно тие

посебно се чувствуваа во Скопје, кој претставувал административен, политички и културен центар на тогашната Вардарска бановина.

Направената посета од страна на Драгиша Цветковиќ на Скопје, како и на патријархот Гаврило во октомври и ноември 1940 година, посебно одржаниот говор на Драгиша Цветковиќ за време на крштевката на едрилиците, во кој Македонија тој ја нарече српска земја, колевка на српството, говор кој истовремено значеше одговор на појавените реваншистички тенденции на великобугарската буржоазија што дојде до израз во говорот на пратеникот Петар Думанов во бугарското Народно собрание дека „Македонија претставува бесценет камен на круната на бугарските цареви", како и на сепаратистичките тенденции на профашистичката организација ВМРО, јасно зборува за зголемената големосрпска хегемонистичка пропаганда во Македонија во времето на агонијата што ја зафати великосрпската профашистички или прозападно настроена буржоазија. Врз таа националистичка основа и во исто време започна и издавањето на листот „Глас југа", се засили пропагандата на профашистичката организција на Димитрије Љотиќ „Збор" сред средношколската младина, која, покрај тоа што беше фашистичка имаше и националистички карактер, за чијашто цел посебна улога требаше да одигра издавањето на нејзиниот лист „Билтен" и другите прогласи кои беа со исклучиво антикомунистичка и антиеврејска содржина. Формираниот областен одбор на српскиот културен клуб во Скопје во текот на 1940 година, како огранок на Главниот одбор со седиште во Белград, со своето гласило „Српски глас", чие дејствување посебно се чувствуваше во средните училишта во Скопје, исто така имал за задача да ја потсили асимилаторската денационализаторската улога на великосрпската буржоазија во Македонија, докажувајќи дека Јужна Србија (н. б. Македонија) со векови била и останала српска.

На оваа опасност, која надвисна над Југославија, посебно над Македонија, македонскиот народ со помош на силите на Тројниот пакт и да се задржи во национална подјарменост, беше укажано во бројните прогласи издадени од ЦК на КПЈ и ПК на КПЈ за Македонија, посебно во материјалите од V-та земска конференција на КПЈ, на која беа дадени и главните насоки за активноста на комунистите во наредниот период.

Вооружено со јасна политичка ориентација партиското и скоевското членство од Скопје во својата агитациона-пропагандна активност исклучиво се задржа на популаризација на платформата на КПЈ сред широките народни маси, за разобличување на намесничкиот режим и на профашистичката влада Цветковиќ-Мачек, која сѐ потесно се врзуваше за силите на Тројниот пакт, за формирање на народна влада која на народите на Југославија ќе им гарантира национална рамноправ-

ност и која, воспоставувајќи сојуз со СССР, ќе преземе мерки за одбрана на независноста на земјата. Притоа, секако, треба да се истакне борбата што ја водеа членовите на КП и на скоевската организација против привrзаниците на Љотиќевиот „Збор“ и против српскиот културен клуб, што во крајна линија придонесе за што помасовно сплотување на младината околу КПЈ, како единствен гарант за извојување на националната слобода на македонскиот народ.

Во услови на таквиот однос на општествено-политичките сили во главниот град на Македонија Скопје, профашистичката влада Цветковиќ-Мачек на 25 март 1941 година го потпиша договорот за пристапување на Југославија кон Тројниот пакт. Истиот ден, познатите националисти од српскиот културен клуб, како Стојан Зафировиќ и други прозападно настроени, се обидоа да ги изведат учениците на улиците на Скопје, со намера демонстрациите да ги искористат за свои цели. Но веќе постојното многубројно скоевско членство и неговите воспитни групи, истапувајќи со свои пароли, на демонстрациите почнаа да им даваат друг карактер. Истото се повтори и на 26 и 27 март кога антифашистичкото расположение на широките народни маси дојде до полн израз.

Меѓутоа, Покраинскиот комитет на Партијата на чело со неговиот секретар Методија Шаторов — Шарло, наместо да го искористи ова антифашистичко расположение на народот и да застане на чело на револуционерно-демократското движење, тој тоа одби да го стори, сметајќи ги демонстрациите за националистички, со што, всушност, тој ја потцени силата на Партијата во Скопје и на револуционерно-демократското и народно-демократското движење во него.

Комунистите од градот и околијата, свесни за својата улога и одговорност пред народот и наоѓајќи поддршка кај некои членови од ПК, не го прифатија ставот на секретарот на Покраинскиот комитет. На одржаниот состанок на Месниот комитет се направи распоред и се одлучи сето партиско и скоевско членство да се стави во мобилна состојба со задача да застанат на чело на демонстрациите. Со вклучувањето на комунистите во демонстрациите и со истакнувањето на паролите „Долу пактот“, „Подобро војна, одошто пакт“, „Подобдо гроб, одошто роб“, „Сакаме народна влада“, „Сојуз со СССР“ и слични, тие добија сосема друг тек и тон, спротивно на паролите на организаторите на тие демонстрации.

Учеството на 15.000 демонстранти (според извештаите на тогашните воени власти овој број изнесувал близу 30.000 демонстранти) во овие демонстрации беше потврда за авангардната улога на КП, како и за довербата на широките народ-

ни маси во политиката на КПЈ. Истовремено со тоа беше навестено дека комунистите од Скопје се подготвени да ги дадат и своите животи за делото на работничката класа и за својот народ.

## ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА


1. АЈ, Београд, фонд Милан Стојадиновиќ, фотокопија во АИНИ, Скопје.
2. АВИИ, Београд, фонд III армиска област, микрофилм во АМ.
3. Зборник, Устанак народа Југославије, Београд, 1962, књ. I, ст. Боге Кузмановски „Борба за усвајање ставова ЦК КПЈ у скопској партиској организацији".
4. Зборник, Четрдесет година 1961, Београд. књ. V, ст. Деса Миљовска, „Демонстрације у Скопљу".
5. Јубиларен весник „13 Ноември", Скопје, 13. XI 1955 и 13. XI 1966.
6. Бак Ружа, Скопје на демонстрации против Пактот со Хитлер, „Нова Македонија", Скопје, 27 март 1951.
7. Дејан Алексиќ, Мартовските настани во Скопје, Зборник „Скопје во НОВ 1941", Скопје, 1973.
8. Р-ПО, Скопје, (Реконструкција на партиската организација во Скопје), во АИНИ, Скопје.
9. Светозар Вукмановић — Темпо, Револуција која тече, Београд 1971.
10. Колишевски Лазар, 27 Март, „Млад Борец", Скопје, 27. III 1945.
11. Преглед историје СКЈ, Београд, 1963.
12. Историја на Македонскиот народ, Скопје, 1969, кн. III.
13. Славка Фиданова, Некои моменти од активноста на организацијата на КПЈ во Скопје во годините спроти Априлската војна, „Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје", 1978.
14. Милица Дамјановиќ, Народни покрет студената Београдског универзитета, књ. II, Београд, 1974.